## ГРАД СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| **ПРЕДЛАГАЧ:** | **Градоначалник на Град Скопје** |
| **ИЗГОТВУВАЧ:** | **Сектор за финансиски прашања** |
| **ПРЕТСТАВНИК:** | **Секретар на Град Скопје** |
| **ПОВЕРЕНИК:** | **Раководител на Сектор за финансиски прашања** |

# ПРЕДЛОГ ОДЛУКА

за продолжување на институционалната соработка помеѓу
Град Скопје и Кредитна рејтинг агенција Standard&Poor`s

**Скопје, јануари 2023 година**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/02) Советот на Град Скопје, на _________ седница, одржана на ______________, донесе

ОДЛУКА
за продолжување на институционалната соработка помеѓу
Град Скопје и Кредит рејтинг агенција Standard&Poor`s

Член 1

Советот на Град Скопје ја утврдува потребата за продолжување на институционалната соработка помеѓу Град Скопје и Меѓународната кредит рејтинг агенција Standard&Poor`s. Институционалната соработка се однесува на утврдување на кредитниот рејтинг на Град Скопје.

Член 2

Утврдената вредност на реализација на соработката изнесува 26.000,00 евра во денарска противредност по продажен курс на НБРСМ на денот на плаќањето.
Паричните средства од став 1 од овој член се обезбедени во Буџетот на Град Скопје за 2023 година потпрограма Е00, ставка 425.

Член 3

За реализација на оваа одлука се задолжува Градоначалникот на Град Скопје да склучи Анекс за продолжување на институционалната соработка помеѓу Град Скопје и Кредит рејтинг агенцијата Standard & Poor`s.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".

Број _______
_______2023 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правниот основ за донесување на предложената Одлука е член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/02) со кој е утврдено дека Советот на Градот Скопје е надлежен да донесува ваков вид на акти.

Меѓународната кредит рејтинг агенција Standard&Poor`s е агенција која што е формирана во 1860 година и се смета за најголема меѓу меѓународните кредит рејтинг агенции. Кредитните рејтинзи кои што произлегуваат од оваа кредит рејтинг агенција се глобално почитувани бидејќи промовираат транспарентност и носење на сигурни одлуки.

Меѓународната кредит рејтинг агенција Standard&Poor`s има свое присуство во 128 земји во светот и својата дејност ја обавува со 1500 кредитни аналитичари кои што се карактеризираат со професионалност, ефикасност и независност. Меѓу 128 земји каде што таа е присутна, се вбројува и нашата држава Република Северна Македонија, чиј што кредитен рејтинг се одредува секоја година од страна на наведената агенција.

Град Скопје во 2008 година склучи договор со Кредитната рејтинг агенција Standard&Poor`s за оценување на кредитниот рејтинг на Град Скопје. Од тогаш до денеска во континуитет на годишно ниво се оценува кредитниот рејтинг на Град Скопје. Одржувањето на кредитниот рејтинг е од особена важност при постапките за задолжување во меѓународните финансиски институции и овозможува поповолни кредитни услови. Градот Скопје има обврска да одржува кредитен рејтинг согласно условите наведени во договорите за заем склучени со Европска банка за обнова и развој.

Кредитниот рејтинг на Град Скопје е BB-' Rating Affirmed; Outlook Stable и она што е посебно важно за Град Скопје како единица на локална самоуправа е дека истиот е на ниво на кредитниот рејтинг на нашата држава Република Северна Македонија.

Соработката со оваа кредит рејтинг агенција како и стабилниот кредитен рејтинг на Град Скопје сите овие години е значаен сигнал за странските инвеститори и влијае позитивно на атрактивноста на Град Скопје на меѓународниот пазар на капитал како и на вкупниот економски и политички имиџ. Дополнително, тоа е уште еден силен сигнал дека Град Скопје е институција во која може да се има доверба и во која може да се смета дека и во иднина ќе има здрави економски политики.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената одлука.